





# Упатство за подготовка на Итен План за акција (за национални друштва)

## како и пристап до ДРЕФ и Итен Апел како механизми за обезбедување парични средства


Црвен крст на Република Македонија

International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies

# Содржина


**Вовед** ........................................................................................ 3

Цел на упатството ........................................................................................ 3

На кој начин е структурирано упатството? ................................................... 4

Итен план за акција за национални друштва ................................................ 6

Механизми за финансирање на операции за одговор на итни состојби на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина ........... 7

**Чекори за подготовка и обновување на итниот план за акција како оперативна менаџмент алатка** ................................................11

Фаза 1: Пред катастрофата – подготовка за непосредна катастрофа или криза ........................................................................11

Фаза 2: Веднаш по катастрофата ........................................................ 21

Фаза 3: Две до четири недели по катастрофата.................................. 31

Фаза 4: Од еден месец по катастрофата па понатаму ........................ 38

Фаза 5: Последен месец(и) од операцијата ......................................... 45

Фаза 6: До три месеци по крајот на операцијата ................................. 50

**Анекси** ........................................................................................ 56

# Вовед

## Цел на упатството

### За кого е ?

Ова упатство е наменето како референтна алатка за лица кои работат на планот на одговор при катастрофи во националните друштва кои обезбедуваат одговор на катастрофи кои се случуваат одеднаш или започнуваат полека или пак кои работат на подготовка на неизбежна криза. Исто така постои и уште едно вакво упатство кое служи за поддршка на персоналот на секретаријатот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина кои обезбедуваат поддршка за националните друштва во овој процес.

### За што служи упатството ?

Ова упатство има за цел да обезбеди поддршка на лицата кои обезбедуваат одговор на одредена катастрофа преку:

- Поддршка во процесот на планирање, мониторинг, евалуација и известување при операции за обезбедување итна поддршка, вклучувајќи и подготовка и користење на итен план за акција.
- Подготовка на барање за обезбедување средства од фондот за обезбедување на итна помош при катастрофи (ДРЕФ), доколку е потребно, и менаџирање на операциите финансирани со ДРЕФ;
- Подготовка и менаџирање на итен апел, доколку е потребно.

Ова упатство ги обезбедува клучните акции кои треба да ги спроведат националните друштва во различни фази на операцијата за обезбедување итна помош при подготовката и користењето на итниот апел за акција. Тука подразбираме:

- Спроведување на иницијална процена и анализа
- Планирање на ефективна операција за обезбедување итна помош, вклучувајќи и одлука дали да се аплицира за обезбедување на средства од ДРЕФ фондот или упатување на итен апел и чекорите кои треба да се преземат во било кој од овие два случаи;
- Менаџирање на имплементација на операција за обезбедување на одговор на итна состојба, вклучувајќи континуиран мониторинг на ситуацијата и имплементација на операцијата;
- Ревидирање и евалуирање на операцијата за поддршка на итната состојба и обезбедување на соодветни извештаи.

Ова упатство не обезбедува инструкции за менаџерите за катастрофи во однос на потребните приоритети, содржина и опсег на нивната операција за одговор. За нив носи одлука менаџерот за катастрофи.

Ова упатство исто така обезбедува врски со постојното упатство за обезбедување на итен одговор при операции за помош при катастрофи.

Содржината на ова упатство ќе се ревидира на редовна основа и ќе се прилагодува според потребите. Заедно со упатствата и алатките за ДРЕФ и операциите за обезбедување на финансиска поддршка за итен апел, упатството се базира на концептот на оперативна флексибилност за поддршка на имплементација на ефективен одговор при спроведување на хуманитарни операции во случај на итна состојба.

## На кој начин е структурирано упатството?

Временската рамка прикажана подолу ги покажува различните хронолошки фази на операција за одговор на итна состојба. Овој документ ги следи овие хронолошки фази и обезбедува чекор по чекор насоки за секоја фаза во однос на подготовка, ревидирање, мониторинг и известување за итен апел за акција. Врз база на клучните активности кои се случуваат во секоја фаза, обезбедува листа на работи кои треба да се проверат од страна на одговорното лице во однос на итниот апел за акција.

Итниот апел за акција треба да се ревидира и подготвува прогресивно во секоја фаза, врз база на постојана процена, анализа и мониторинг.

Ако на националното друштво му е потребна финансиска поддршка од Меѓународната Федерација за спроведување на својата операција, документот исто така обезбедува чекор по чекор насоки за барање на ДРЕФ финансиска поддршка, ревидирање на итен план за акција, буџет и/или временска рамка за ДРЕФ финансирана операција како и известување во однос на употребата на ДРЕФ Фондови, според потребите за секоја фаза поединечно.

Ако операцијата налага преземање на одговор од поголем обем документот обезбедува насоки во однос на потребните чекори кои треба да се преземат за подготовка, следење и известување во однос на итниот план за акција за операција опфатена со итниот апел.

## Оперативна временска рамка - Хронолошки фази

<table>
<tr><th colspan="2" rowspan="2">Итна состојба од катастрофа</th><th colspan="4">ШТО СЕ СЛУЧУВА?</th></tr>
<tr><th>Имплементација</th><th>Процена & Мониторинг</th><th>Планирање</th><th>Ревидирање Евалуација</th></tr>
<tr><td>Подготвеност за одговор</td><td>Пред катастрофата (3 недели до 1 ден пред катастрофата</td><td>Подготвеност за итна состојба</td><td>Мониторинг на ситуација</td><td rowspan="2">Првичен итен план за акција</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">Спасување и одржување на живот</td><td>Веднаш по катастрофата (1 ден до 2 недели по катастрофата</td><td>Итен одговор</td><td>Првична процена</td><td></td></tr>
<tr><td>2 до 4 недели по катастрофата</td><td>Итен одговор</td><td>Понатамошна процена</td><td rowspan="2">Ревидирање на итниот план за акција доколку е потребно</td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="3">Враќање на безбедни услови за живот</td><td>Од еден месец па натаму</td><td rowspan="2">Имплементација на планирани активности и ако е потребно ревизија на активностите од оперативната стратегија</td><td rowspan="2">Постојан мониторинг на ситуацијата и операцијата</td><td rowspan="2">Евалуација Среднорочна и финална евалуација, Семинар за научени лекции, анкета за задоволство на корисници</td></tr>
<tr><td>Последен месец на операцијата</td><td>Ревидирање на итниот план за акција (воглавно временската рамка (ако е потребно</td></tr>
<tr><td>1 – 3 месеци по крајот на операцијата</td><td>Итен одговор</td><td></td><td></td><td>Финален извештај</td></tr>
</table>

## Итен план за акција за национални друштва

Што е итен план за акција?

Итниот план за акција е главна оперативна и менаџмент алатка која се препорачува за сите видови на итни операции. Не само што обезбедува ефективно обезбедување на итниот одговор, туку исто така претставува основа за мобилизирање ресурси за активности за обезбедување на одговор на катастрофата. Планот исто така помага во планирањето, обезбедувањето услуги, мониторингот, евалуацијата и известувањето поврзани со операцијата. Итниот план за акција е заснован на анализа на влијанието на катастрофата, предизвиканата штета, потребите на погоденото население и капацитетите на разни чинители кои помагаат во задоволување на приоритетните потреби.

На него треба да се гледа како на жив документ кој постојано се апдејтира со обезбедувањето на нови информации или со промената на ситуацијата. Тој ја следи структурата на логичката рамка, со дефинирани цели, активности и придонеси. Како добра практика тој треба да содржи и анализа која води до дефинирање на планирани активности.

При речиси сите операции за итна помош ќе има итен одговор за спасување на животи пред да се случи било каква формална процена. Оваа итна акција честопати се базира на ограничени информации кои се достапни во однос на влијанието на катастрофата во првите денови, и е зависна од итните планови спроведени од националното друштво во координација со други во однос на определено сценарио за катастрофа.

Во исто време, при спроведувањето на активности за спасување на животи, ќе започне правење на процена на штетите и потребите како основа за понатамошно планирање на преостанатиот дел од операцијата за обезбедување одговор на катастрофата.

Колку што е можно побрзо по случувањето на катастрофата треба да се подготви првичен итен план за акција за да може активностите да се спроведат на структуриран начин и да се следи нивното остварување согласно со првичниот план. Првичната верзија може да биде лесен документ на почетокот. Штом ќе се обезбедат повеќе информации во однос на штетата и потребите како и капацитетите на другите чинители кои обезбедуваат одговор, треба да се подготви подетален план за акција за понатамошниот дел од операцијата.

Оваа добра практика на континуирана процена и последователна ревизија на планот за акција е неопходно кога користиме глобални механизми за одговор при катастрофи на Меѓународната Федерација, вклучувајќи ги и механизмите за ДРЕФ и итен апел.

Зависно од опсегот на одговорот, операцијата може да се спроведе самостојно со ресурсите на националното друштво и фондовите кои се достапни во државата. Ако тие не се доволни, и е потребен ДРЕФ фонд,

треба да се подготви итен план за акција кој ќе претставува основа за барање, следење и известување за ДРЕФ операцијата. Слично на тоа, ако е потребно да се упати итен апел, итниот план за акција ќе ја обезбеди основата за планирање, следење и известување за операцијата.

**Кој е одговорен за итниот план за акција?**

Менаџерот на операцијата во националното друштво кој ќе ја води имплементацијата на операцијата, треба да биде одговорен за подготовка и ревидирање на итниот план за акција. Релевантниот делегат за менаџирање на катастрофи на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина може да обезбеди поддршка во овој процес. Во случај на голема катастрофа, каде меѓународната федерација имплементира голема операција, одговорноста и подготовката на првичниот план за акција ќе му се додели на тимот за теренска координација и проценка (факт тим).

# Механизми за финансирање на операции за одговор на итни состојби на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина

## Фонд за обезбедување на итна помош при катастрофа (ДРЕФ)

**Што е ДРЕФ?**

ДРЕФ е фонд кој се користи за поддршка на итен одговор на националните друштва на катастрофи предизвикани од човекот и природни катастрофи.

**Кој обезбедува финансиски средства за ДРЕФ?**

Парите се обезбедуваат од донации преку годишниот апел на секретаријатот на Меѓународната Федерација која управува со фондот.

**За што може националното друштво да ги користи парите од ДРЕФ?**

Финансиските средства може да се користат за покривање на трошоци за обезбедување на итен одговор на природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човекот, кризи или итни здравствени состојби кои штотуку се случиле или неизбежно ќе се случат.

ДРЕФ алокациите може да се користат како:

- Дотација за финансирање на активности за одговор и подготвеност при итна состојба за неизбежни катастрофи или кризи.
- Дотација за финансирање на одговор на помали итни состојби наречени ДРЕФ операции.

- Заем за почетни финансиски средства за операции за кои се подготвува итен апел.

**Кога националното друштво може да поднесе барање за поддршка од ДРЕФ фондот?**

- Националното друштво може да побара поддршка од ДРЕФ фондот ако нема доволно финансиски средства или пристап до фондови за задоволување на итни потреби на погоденото население од катастрофата.
- Барањето треба да се подготви колку што е можно побргу за да се обезбеди итна и навремена акција. Националното друштво треба да контактира со претставникот на Меѓународната Федерација колку што е можно побрзо со цел да се договори можна поддршка од фондот.

**Колку пари може да побара националното друштво од ДРЕФ фондот?**

Сумата за алокација ќе зависи од опсегот на одговорот – бројот на луѓето на кои треба да им се помогне и трошоците за обезбедување на потребната поддршка – до одредена граница. Над одредени граници меѓународната федерација може да донесе одлука дека потребите се многу поголеми и дека е потребно да се упати итен апел.

**Како националното друштво поднесува барање за ДРЕФ?**

За да се побара ДРЕФ алокација, националното друштво треба да ја контактира канцеларијата на Меѓународната Федерација во земјата, регионот или зонската канцеларија колку што е можно побрзо и да обезбеди информации за ситуацијата, план за акција кој го објаснува планот за одговор како и соодветен буџет. (Погледнете го упатството за подготовка на итен план за акција и барање на ДРЕФ прикажани подолу).

**Дали националното друштво треба да ги врати парите од ДРЕФ алокацијата?**

- Ако планираната помош е ограничена и може да се обезбеди во краток временски период (3-4 месеци), националното друштво треба да побара дотација за поддршка на својата операција. Само не потрошените пари треба да се вратат во ДРЕФ фондот на крајот на операцијата.
- Ако потребите се големи, треба да се упати меѓународен апел. Во тој случај ДРЕФ алокацијата ќе се смета за заем за почетно финансирање. Овој заем се прави како аванс за придонесите кои се одвојуваат во апелот и се враќа назад во ДРЕФ фондот откако ќе се добијат доволно средства во апелот. (*Погледнете го делот за “Што е итен апел?”).*

**Што треба да направи националното друштво ако добие парични средства од ДРЕФ фондот?**

За дотација, националното друштво мора:

- Да го почитува одобрениот ДРЕФ буџет и да не ги користи паричните средства за други активности освен доколку официјално не се ревидира планот за акција и буџетот и се добие одобрение за ревизија од меѓународната федерација.
- Да ја спроведе операцијата во рамки на договорената временска рамка и да побара продолжување на временската рамка доколку тоа е неопходно.
- Да подготви финален наративен и финансиски извештај до Меѓународната Федерација во однос на користењето на финансиски средства за спроведувањето на планираната операција.
- Да обезбеди оперативно обновување на информациите до Меѓународната Федерација за да се поднесе извештај во однос на одредена ревизија на планот за акција или продолжување на временската рамка за имплементација на операциите.

За заем националното друштво мора:

- Да го надомести заемот во ДРЕФ фондот кога ќе се добијат 150% од сумата на заемот по пат на неназначени финансиски средства во итниот апел.
- Да се надомести заемот во ДРЕФ фондот кога 150% од сумата на заемот е добиена како неназначени средства за итниот апел

## Механизам – итен апел

### Што е итен апел?

Секретаријатот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина бара поддршка (доброволни парични средства) за своите операции за итен одговор при катастрофи примерно преку итни апели кои се упатуваат во случај на катастрофи кои се случуваат одеднаш или пак имаат побавен почеток.

Итниот апел е меѓународна алатка за маркетинг и позиционирање за промовирање на операција пред партнери/донатори и надворешни чинители/јавноста, со цел да се акумулираат парични средства. Тој се упатува од страна на Секретаријатот на Меѓународната Федерација во име на и барање на одредено национално друштво. Итниот апел има за цел да покаже како организацијата има намера да спроведе планирана операција за поддршка на одредено национално друштво (или национални друштва) за обезбедување на помош за специфична група на луѓе погодени од катастрофата.

**Кога националното друштво може да побара да се упати итен апел?**

- Кога хуманитарните потреби го надминуваат капацитетот на погоденото национално друштво.
- Кога ДРЕФ алокацијата не е доволна да се покријат предвидените потреби и кога има потенцијал за добивање на парични средства преку итен апел.
- Барање за упатување на итен апел треба да се направи колку што е можно побрзо за да се овозможи итна и навремена акција; треба да се направи контакт со претставник на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина колку што е можно побрзо за да се направи договор за координирана акција.

**За што може да се користат средствата добиени од итниот апел?**

Итните апели имаат за цел да ги покријат трошоците поврзани со обезбедување на итен одговор и опоравување од природна катастрофа или катастрофа предизвикана од човекот или итна здравствена состојба за одговор на значителни хуманитарни потреби на погоденото население.

**Колкав може да биде буџетот на итниот апел?**

Буџетот на итниот апел зависи од опсегот,обемот и големината на катастрофата, и одговорот кој е потребен врз база на бројот на луѓе кои треба да се помогнат, видот на помош, и придружните трошоци за обезбедување на помош.

**Како националното друштво прави барање за упатување на итен апел?**

За да се побара упатување на итен апел националното друштво треба да стапи во контакт со претставникот на Секретаријатот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина во неговата земја, регионот или зонската канцеларија, колку што е можно побрзо и да обезбеди информации за ситуацијата и да подготви итен план за акција во кој е претставен планот за одговор на националното друштво и буџетот за имплементација на овој план.

Потоа, Секретаријатот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина ќе го состави итниот апел кој претставува документ со сумирани информации кои се содржани во итниот план за акција, и овој документ се објавува на интернет страната на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина. Секретаријатот на Меѓународната Федерација ќе обезбеди поддршка за националното друштво во однос на маркетинг и активности за мобилизирање на ресурси. (*Погледнете го упатството за подготовка на итен план за акција и барање за упатување на итен апел за акција подолу).*

**Која е оперативната временска рамка која може да се опфати со итниот апел?**

Оперативната временска рамка опфатена со итниот апел зависи од големината и сериозноста на катастрофата, но во најголемиот број на случаи таа не треба да биде подолга од 1 година.

**Што ќе се случи со ДРЕФ алокацијата кога ќе се упати итниот апел?**

Ако потребите се големи и се донесе одлука да се упати итен апел, ДРЕФ алокацијата ќе се смета како заем за почетно обезбедување парични средства. Заемот се прави во форма на аванс за придонесите за апел кој потоа мора да се плати назад во ДРЕФ фондот кога ќе се обезбедат задоволителни парични средства преку апелот (види го делот “Што е ДРЕФ?”).

**Што треба да направи националното друштво откако ќе се упати итен апел?**

Националното друштво мора:

- Да го почитува одобрениот план за акција/буџетот на апелот и да не ги користи паричните средства за други активности, освен доколку националното друштво официјално не го ревидира планот за акција и буџетот и да побара одобрение за ревизија пред Секретаријатот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.
- Да спроведе операција во рамки на договорените цели и временска рамка, и да ја следи имплементацијата.
- Да работи со колегите од Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина за да се обезбедат навремени и точни извештаи (вклучувајќи и ревизија на планот за акција кој резултира со буџетска ревизија или продолжување на временската рамка). Известувањето исто така подразбира подготовка на финален наративен и финансиски извештај за користењето на паричните средства при имплементација на планот за акција.

## Чекори за подготовка и обновување на итниот план за акција како оперативна менаџмент алатка

### Фаза 1: пред катастрофата – подготовка за непосредна катастрофа или криза.

Непосредната катастрофа или криза е закана или опасност која не може да се планира однапред а речиси сигурно ќе го загрози животот на луѓето и има шанси да се случи во блиска иднина (на пример циклон, брзо растење на ниво на реки, зголемена вулканска активност, појава на епидемија, граѓански немири поврзани со избори). Тука не вклучуваме настани кои се

сезонски и повторно се појавуваат, како што се сезонските поплави, за кои што е можно да се подготвиме или испланираме одговор однапред.

Ако се подготвувате за непосредна катастрофа, вашиот главен фокус ќе биде на проценка на влијанието кое може да произлезе од катастрофата во вашата земја и влијанието на населението за кое постои веројатност дека може да биде погодено. Целта е да се ограничи влијанието преку активности за подготвеност при катастрофи. Овие активности веројатно ќе бидат поврзани со претходни искуства за сезонски катастрофи и планирање на итни состојби кое се прави од страна на националното друштво и други чинители во таа средина.

Имплементацијата на активностите за подготвеност и одговор при итни состојби може да бидат составени од:

- Рано предупредување
- Евакуација на ризични категории на население
- Активација на план за итно делување
- Подготовка на засолништа за итни состојби
- Мобилизирање на вработени и волонтери
- Спроведување на обуки за освежување на знаења на волонтери
- Набавка и позиционирање на хуманитарна помош (во стока, и парични средства)
- Подготовка на иницијален итен план за акција

**Клучни чекори за подготовка на итен план за акција**

Главните чекори за спроведување на првична процена, анализа и планирање ќе бидат:

Овие 5 чекори ве водат кон обезбедување на неопходните информации за иницијалниот итен план за акција, кој што ќе служи како основа за менаџирањето на операцијата. Овој иницијален итен план за акција исто така ќе ви овозможи вашите партнери да бидат запознати со вашите планирани активности и мобилизирањето на ресурси, доколку тоа е потребно.

Подолу ќе најдете листа на проверка која дава повеќе детали во однос на секој од овие 5 чекори.

Кога нема достапни информации да дадат одговор на некој од прашањата претставени во листата за проверка, се препорачува да се види колку таа активност е важна за започнување на активностите за одговор при катастрофи.

**Листа за проверка 1 – 5 клучни чекори за подготовка на итен план за акција за непосредна катастрофа или криза.**

<table>
<tr><td colspan="3">Чекор 1: Процена на можни влијанија и штета од катастрофата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Што може да се случи? Кога?<br>• Кои области најверојатно ќе бидат погодени?<br>• Колку луѓе можат да бидат погодени од катастрофата?<br>• Какво влијание се очекува дека ќе има опасноста во вашата земја? Каква штета ќе предизвика и какви веројатни последици ќе произлезат?</td><td rowspan="7">Активности за поддршка<br><br>• Мониторинг и еволуција на ситуација<br>• Следење на пазар и цени<br>• Следење на информации од други чинители</td></tr>
<tr><td>Загуба на живот</td><td>Расеоеност на население, одвоени членови на разделени семејства</td></tr>
<tr><td>Повреда</td><td>Загуба или штета на згради и јавна инфраструктура</td></tr>
<tr><td>Губење на пристап до храна и вода</td><td>Уништеност / нарушување на есенцијалните служби</td></tr>
<tr><td>Загуба на добиток</td><td>Загуба или оштетување на локалните пазари</td></tr>
<tr><td>Загуба или штета на посеви и животна средина</td><td>Зголемен ризик од болести и други здравствени импликации</td></tr>
<tr><td>Уништеност или штета на домови</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">• Како може ситуацијата да се развива во претстојните недели или месеци? Дали има</td><td></td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| очекувани секундарни ефекти како што се последователни шокови, движење на население или ризик од појава на болести кои се пренесуваат со водата? | |

| **Чекор 2:** Процена на потенцијални потреби и ранливи состојби | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Кои се итните закани по добросостојбата на луѓето?<br>• Кои се итните потреби?<br>• Кое население е најранливо/најпогодено? Зошто ова население е поранливо од другото население (пример: возраст, пол, хендикеп, самохрани родители, малцинска група и др.)?<br>• Дали е потребна итна акција? | Активности за поддршка<br><br>• Консултации со општинските организации на Црвен крст, локалните власти и други чинители. |

| **Чекор 3:** Анализа на капацитети | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Каков е капацитетот за одговор на националното друштво?<br>  ○ Дали имате општински организации на Црвен крст/волонтери во областите за кои постои веројатност дека ќе бидат погодени? Дали сте во состојба да контактирате со нив? Какви капацитети поседуваат тие? Какви чекори имаат преземено тие?<br>  ○ Дали имате план за итна акција за оваа итна состојба? Ако имате, дали сте го активирале?<br>  ○ Дали имате резерви на роба за користење во случај на подготвеност за катастрофата?<br>    ▪ Да – Дали се тие доволни за задоволување на итните потреби?<br>    ▪ Да – Дали ги имате веќе позиционирано во областите кои се во близина на можната локација | Активности за поддршка<br><br>• Споделување информации и координација со партнери меѓу кои МКЦК и други партнери од движењето.<br>• Постирање на извештај во информативниот менаџмент систем за катастрофи. |

| | | |
|---|---|---|
| каде би се случила катастрофата.<br>▪ Не – Каде може да се обезбедат потребните количини на помош (во натура/парични средства)? На локално ниво или од резервите на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина?<br>• Што работат другите партнери или пак што планираат да работат (влада, цивилна заштита/министерство за одбрана, обединети нации, невладини организации, други национални друштва, Меѓународен Комитет на Црвен крст, и др.)?<br>• Дали има други воспоставени меѓународни или национални координативни механизми? Ако има каков вид на механизми се тие? Каква улога имате вие во рамките на овие механизми?<br>• Дали овие заедници се погодени од слична или различна катастрофа во блиското минато? Каков е нивниот капацитет да се справат со заканите со кои што се соочуваат?<br>• Какви недостатоци постојат во планираната поддршка кои можат да бидат адресирани од ваша страна?<br>• Какви технички капацитети/експертиза/искуство имате вие во овој вид на одговор?<br>• Дали има нешто што може да ве спречи во обезбедувањето на соодветен одговор? Што може да направите во однос на ова? | | |
| Потешкотии да се проценат одредени области | Волонтерите немаат заштитна опрема | |
| Ограничени комуникации | Безбедносни проблеми | |
| Непостоење на општинска организација на Црвен крст во областите кои можат да бидат погодени од катастрофата | Непостоење итни резерви | |
| Непостоење на капацитет веднаш да се одговори | Непостоење стручни лица во специфични технички сектори | |
| Непостоење на активни волонтери | | |

| **Чекор 4:** Дефинирање на цели и активности кои треба да се спроведат | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Какви потреби планирате да задоволите?<br>• Кои активности е потребно да ги спроведете пред/за време на и по катастрофата?<br>• Колку долго ќе траат активностите?<br>• Кои луѓе веројатно ќе ги помогнете со вашите активности? Колку и каде?<br>• Заради што овие луѓе се поранливи од другите (пример: возраст, пол, хендикеп, самохрани родители, малцински групи и др.)?<br>• Дали сте фокусирани на одредена географска област или група на луѓе? Зошто? | Активности за поддршка<br><br>• Консултации со општинските организации на Црвен крст, локалните власти и други чинители |

| **Чекор 5:** Подготовка на буџет и дефинирање на потребни ресурси | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Кои ресурси ви се потребни за спроведување на планираните активности во периодот пред и во првичната фаза на катастрофата или кризата (пример: луѓе, финансиски ресурси, техничка поддршка, логистика/транспорт и др.)? | |

Откако ќе се идентификуваат потребните ресурси за одговор на непосредната катастрофа, следниот чекор ќе биде да се просуди дали ги имате сите потребни ресурси за спроведување на потребните активности или дали на вашето национално друштво ќе му биде потребна надворешна помош.

Ако немате пристап до потребните ресурси кои ви требаат за имплементација на итен одговор (ваши сопствени ресурси или пристап до

неопходните парични средства од партнери во вашата земја или преку национална кампања за обезбедување на средства)? Листата која е прикажана подолу ќе ви помогне како да побарате помош од ДРЕФ фондот. За барање ДРЕФ помош погледнете ги насоките прикажани подолу во листа за проверка А.

Ако потребите се поголеми и ДРЕФ алокацијата не е доволна за покривање на целокупната операција за одговор на катастрофата, може да се упати итен апел, а средствата од ДРЕФ фондот може да се искористат како почетни средства, а потоа планот да се ревидира во период од 2 до 4 недели кога ќе имате повеќе информации на располагање во однос на штетата и потребите кои произлегуваат од катастрофата.

Во овој случај ДРЕФ алокацијата ќе се смета како заем за почетно финансирање кое му овозможува на националното друштво да ја започне операцијата за итен одговор. За упатување итен апел погледнете го упатството подолу во листа за проверка Б.

Ако може во моментот да го обезбедите соодветниот одговор на катастрофата со ваши сопствени ресурси, може да побарате финансиска помош од ДРЕФ фондот или преку итниот апел во подоцнежната фаза за да ги надоместите вашите резерви или за надомест на трошоците кои сте ги направиле за итниот одговор. Ова треба да се направи веднаш по случувањето на катастрофата, по можност во рок од 14 дена откако сте започнале со спроведување на вашите активности.

**Што треба да направи националното друштво за да пристапи до парични средства преку Меѓународната Федерација во своите подготовки за непосредна катастрофа?**

### Листа за проверка А – Клучни чекори за барање ДРЕФ парични средства за подготовка на непосредна катастрофа или криза

| |
|---|
| **Чекор 1:** Контактирајте го претставникот на Меѓународната Федерација во вашата земја, регион или зонска канцеларија |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br>• Обезбедете информации за ситуацијата и како вашето национално друштво планира да одговори на катастрофата.<br>• Ако е можно, обезбедете линкови со одредени интернет страни преку што ќе може да го покажете веројатното влијание на катастрофата. |

| |
|---|
| **Чекор 2:** Проверете дали може да побарате ДРЕФ алокација за она што се случува |

| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид |
| --- |
| • Дали постои голема веројатност дека катастрофата ќе се случи во следните неколку дена или неколку недели? Ако одговорот е потврден може да побарате ДРЕФ алокација.<br>• Може да побарате ДРЕФ алокација за следниве видови на катастрофи:<br>  o Сезонски или други настани кои се повторуваат, кои можат да ја влошат ситуацијата отколку што е во вообичаената состојба. Во овој случај треба да бидете во можност да го покажете зголеменото ниво на опасност.<br>  o Катастрофа која што одеднаш започнува (како на пример: циклон, тропска бура, поплава, граѓански немири поврзани со избори и др.).<br>  o Катастрофи кои бавно настапуваат (како на пример: епидемија (колера), поплави кои бавно се развиваат, глад, суша и др.) ако е исполнет еден од следниве критериуми:<br>    Постои зголемен обем на акутни потреби.<br>    Владата бара меѓународна помош.<br>    Ситуацијата повикува на итен одговор за да се задоволат итните потреби.<br>• Кај катастрофи кои бавно настапуваат а за кои е потребна итна акција погледнете во упатството во Фаза 2: веднаш по настапувањето на катастрофата? |
| **Чекор 3:** подгответе иницијален итен план за акција и буџет |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид |
| • Листа за проверка 1 за 5-те клучни чекори за подготовка на итен план за акција за непосредна катастрофа и криза ги покрива повеќето прашања кои треба да ги одговорите во однос на оправдување на вашето барање за обезбедување парични средства.<br>• Во итниот план за акција објаснете кои активности во моментот ги презема вашето национално друштво. Објаснете што планирате да направите пред, за време на, и по катастрофата.<br>• Набројте ги активностите кои ќе ги спроведете пред катастрофата и/или до 2 до 4 недели по случувањето на катастрофата. Покажете колку долго ќе трае секоја активност и пресметајте колку парични средства ќе чини секоја активност.<br>• Веројатно ќе спроведувате активности во рамките на следниве технички сектори: рано предупредување, подготвеност за итен одговор, активности за одговор на итни здравствени прашања (прва помош)? Обезбедување на засолниште при итни состојби (за евакуирано население) или обезбедување итна помош во храна. |

- Дискутирајте со претставникот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина
- Дискутирајте со претставникот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина каков вид на техничка помош ви треба од Меѓународната Федерација за имплементација на операцијата (помош во специфичен технички сектор, во спроведување на процена на потреби или процена на пазар, за подготвување на детален итен план за акција, за набавки и логистика, за имплементација на кеш трансфер програм или за мониторинг, евалуација или поднесување извештај за операцијата).
- Во вашиот буџет за ДРЕФ барање вие треба:
    - Пресметајте колку волонтери ви се потребни и потребните трошоци за: осигурување, опрема и визибилити, обука, патни трошоци и дневници. Внесете ги трошоците за патни трошоци, сместување, дневници за вработените од националното друштво кои се директно вклучени во операцијата.
    - Пресметајте колку ќе чини транспортот, магацин, и дистрибуција на хуманитарна помош, и мониторинг на дистрибуцијата, или имплементацијата на кеш трансфер програм (такси за трансфери и дистрибутивни трошоци).
    - Внесете ги трошоците за оперативна поддршка (за хумани ресурси, логистика, комуникации, канцелариски трошоци или финансиски такси). Овие се трошоци кои се акумулираат со итната ситуација и тие треба да бидат разумни но задоволителни (не смеат да бидат повисоки од 40 проценти од вкупниот буџет на операцијата за обезбедување хуманитарна помош).
    - Во оваа фаза вклучете ги само оперативните трошоци кои се од суштинско значење за спроведување на активностите за време на првите денови или недели од операцијата.
- Запомнете дека буџетот може да се ревидира откако ќе се знае целокупниот обем на катастрофата.

**Чекор 4**: Поднесете го вашето барање со итниот апел за акција и буџетот до претставникот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Клучни работи кои треба да се имаат во предвид:

- Кога е можно користете графикони и табели за да ги презентирате информациите (на пример информации за штета и потреби или за бројот на семејства на кои што ќе им помогнете, вклучувајќи и информации од други организации или јавни власти, доколку тоа е потребно).
- Вклучете карти, детали за локации и слики.

| |
|---|
| **Чекор 5:** Подгответе меморандум за соработка со Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина за добивање на парични средства од ДРЕФ фондот |
| Клучни аспекти на договорот:<br>• Сумата која треба да се префрли од страна на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.<br>• Одговорните лица во националното друштво и Секретаријатот на Меѓународната Федерација кои ќе ја водат операцијата.<br>• Неопходните податоци за правење на Банк оф трансфер.<br>• Податоци за поднесување на извештаи.<br>• Датум за поднесување на финален финансиски и наративен извештај<br>• Договор за враќање на неискористени парични средства во ДРЕФ фондот. |

| |
|---|
| **Чекор 6:** Продолжете ги вашите активности додека не пристигнат паричните средства. |

Ако се случи катастрофата или кризата подгответе или обновете го итниот план за акција за да ги вклучите сите неопходни активности за одговор и да побарате втора ДРЕФ алокација, доколку е неопходно или итен апел (*види Дел 2 до 4 недели по катастрофата).*

Ако катастрофата или кризата не го има иницијалното проценето влијание, подгответе кратко обновување на информациите со цел да ги информирате партнерите дека нема да има дополнителни акции. Преминете на фаза 6 и започнете со подготовка на финален извештај.

**Дополнителна литература:**

Упатство за ДРЕФ: Меѓународна Федерација. ДРЕФ процедури и упатства. Женева, 2011.
https://fednet.ifrc.org/PageFiles/125112/031_e_v300_DREF%20Procedures%20and%20Guidelines.docx

Меѓународна Федерација. Итен план за акција – формат за оперативно планирање (ДРЕФ операција).

Меѓународна Федерација ДРЕФ
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisismangement/disaster-response/dref/

Упатство за механизми за подготовка на итен апел: Меѓународна Федерација. Процедури и упатство за итен апел. Женева, 2013. https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/ disaster-response/peas-eas-updates/

Меѓународна Федерација. Формат за итен план за акција. https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/ disaster-response/emergency-plan-of-action-epoa/

Упатство за планирање мониторинг и евалуација: Меѓународна Федерација. Прирачник за планирање на проекти/програми. Женева, 2010. Достапно на: www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/PPP-Guidance-Manual-English.pdf

Рамка за мониторинг и евалуација (Меѓународна Федерација и ДРЕФ). Достапно на:
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/ learning--evaluation/monitoring--evaluating-framework/

## Фаза 2:

## Веднаш по катастрофата

Веднаш по катастрофата вашето внимание ќе биде насочено на процена на влијанието на катастрофата во вашата земја на населението во погодените области како и на спроведување на активности за спасување на животи.

Во сите активности за одговор на итната состојба, целта треба да биде спасување и одржување на животите на луѓето и промовирање на активности за опоравување на погоденото население.

Имплементацијата на активностите за одговор на итната состојба треба да бидат составени од:

- Активирање на итен план за акција
- Мобилизирање и опремување на волонтери
- Потрага и спасување
- Евакуација на погодено население
- Воспоставување на семејни врски
- Прва помош
- Дистрибуција на хуманитарна помош (во натура и парична помош)
- Обука на волонтери
- Идентификација и мобилизирање на техничка експертиза
- Подготовка на првичен итен план за акција

Клучни чекори за подготовка на итен план за акција

Главните чекори за преземање на првична процена, анализа и планирање ќе бидат составени од:




Овие 5 чекори ве водат кон обезбедување на неопходните информации за иницијалниот итен план за акција, кој што ќе служи како основа за менаџирањето на операцијата.

Овој иницијален итен план за акција исто така ќе ви овозможи вашите партнери да бидат запознати со вашите планирани активности и мобилизирањето на ресурси, доколку тоа е потребно.

Подолу ќе најдете листа на проверка која дава повеќе детали во однос на секој од овие 5 чекори.

Кога нема достапни информации да дадат одговор на некој од прашањата претставени во листата за проверка, се препорачува да се види колку таа активност е важна за започнување на активностите за одговор при катастрофи.

### Листа за проверка 2.– Пет клучни чекори за подготовка на итен план за акција за непосредна катастрофа или криза.

<table>
<tr><td colspan="3">Чекор 1: Процена на можни влијанија и штета од катастрофата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прашања кои треба да се имаат во предвид<ul><li>Што може да се случи? Кога?</li><li>Кои области најверојатно ќе бидат погодени?</li><li>Колку луѓе можат да бидат погодени од катастрофата?</li><li>Какво влијание се очекува дека ќе има опасноста во вашата земја? Каква штета ќе предизвика и какви веројатни последици ќе произлезат?</li></ul></td><td rowspan="7">Активности за поддршка<ul><li>Првична процена на штета</li><li>Првична процена на пазар</li><li>Споделување на информации со други чинители</li></ul></td></tr>
<tr><td>Загуба на живот</td><td>Раселеност на население, одвоени членови на разделени семејства</td></tr>
<tr><td>Повреда</td><td>Загуба или штета на згради и јавна инфраструктура</td></tr>
<tr><td>Губење на пристап до храна и вода</td><td>Уништеност / нарушување на есенцијалните служби</td></tr>
<tr><td>Загуба на добиток</td><td>Загуба или оштетување на локалните пазари</td></tr>
<tr><td>Загуба или штета на посеви и животна средина</td><td>Зголемен ризик од болести и други здравствени импликации</td></tr>
<tr><td>Уништеност или штета на домови</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Како може ситуацијата да се развива во претстојните недели или месеци? Дали има очекувани секундарни ефекти како што се последователни шокови, движење на население или ризик од појава на болести кои се пренесуваат со водата?</li></ul></td><td></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Чекор 2: Процена на потенцијални потреби и ранливи состојби</td></tr>
<tr><td>Прашања кои треба да се имаат во предвид<ul><li>Кои се итните закани по добросостојбата на луѓето?</li><li>Кои се итните потреби?</li></ul></td><td>Активности за поддршка<ul><li>Првична процена на потреби</li><li>Консултации со општинските организации на Црвен крст, локалните власти и други</li></ul></td></tr>
</table>

<table>
<tr><td>

- Кое население е најранливо/најпогодено? Зошто ова население е поранливо од другото население (пример: возраст, пол, хендикеп, самохрани родители, малцинска група и др.)?
- Дали е потребна итна акција?

</td><td>чинители.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">Чекор 3: Анализа на капацитети</td></tr>
<tr><td>

Прашања кои треба да се имаат во предвид

- Каков е капацитетот за одговор на националното друштво?
  - Дали имате општински организации на Црвен крст/волонтери во областите за кои постои веројатност дека ќе бидат погодени? Дали сте во состојба да контактирате со нив? Какви капацитети поседуваат тие? Какви чекори имаат преземено тие?
  - Дали имате план за итна акција за оваа итна состојба? Ако имате, дали сте го активирале?
  - Дали имате резерви на роба за користење во случај на подготвеност за катастрофата?
    - Да – Дали се тие доволни за задоволување на итните потреби?
    - Да – Дали ги имате веќе позиционирано во областите кои се во близина на можната локација каде би се случила катастрофата?
    - Не – Каде може да се обезбедат потребните количини на помош (во натура/парични средства)? На локално ниво или од резервите на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина?
- Што работат другите партнери или пак што планираат да работат (влада, цивилна заштита/министерство за одбрана, Обединети Нации, невладини организации, други национални друштва, Меѓународен

</td><td>

Активности за поддршка

- Споделување информации и координација со партнери меѓу кои МКЦК и други партнери од Движењето.
- Постирање на извештај во информативниот менаџмент систем за катастрофи.

</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Комитет на Црвен крст, и др.)?<br>• Дали има други воспоставени меѓународни или национални координативни механизми? Ако има, каков вид на механизми се тие? Каква улога имате вие во рамките на овие механизми?<br>• Дали овие заедници се погодени од слична или различна катастрофа во блиското минато? Каков е нивниот капацитет да се справат со заканите со кои што се соочуваат?<br>• Какви недостатоци постојат во планираната поддршка кои можат да бидат адресирани од ваша страна?<br>• Какви технички капацитети / експертиза / искуство имате вие во овој вид на одговор?<br>• Дали има нешто што може да ве спречи во обезбедувањето на соодветен одговор? Што може да направите во однос на ова? | | |
| Потешкотии да се проценат одредени области | Волонтерите немаат заштитна опрема | |
| Ограничени комуникации | Безбедносни проблеми | |
| Непостоење на општинска организација на Црвен крст во областите кои можат да бидат погодени од катастрофата | Непостоење итни резерви | |
| Непостоење на капацитет веднаш да се одговори | Непостоење стручни лица во специфични технички сектори | |
| Непостоење на активни волонтери | | |
| **Чекор 4:** Дефинирање на цели и активности кои треба да се спроведат | | |
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br>• Какви потреби планирате да задоволите?<br>• Кои активности е потребно да ги спроведете пред/за време на и по катастрофата?<br>• Колку долго ќе траат активностите?<br>• Кои луѓе веројатно ќе ги помогнете со вашите активности? Колку и каде? | | |

- Заради што овие луѓе се поранливи од другите (пример: возраст, пол, хендикеп, самохрани родители, малцински групи и др.)?
- Дали сте фокусирани на одредена географска област или група на луѓе? Зошто?

| **Чекор 5:** Подготовка на буџет и дефинирање на потребни ресурси |
|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Кои ресурси ви се потребни за спроведување на планираните активности во периодот пред и во првичната фаза на катастрофата или кризата (пример: луѓе, финансиски ресурси, техничка поддршка, логистика/транспорт и др.)? |

Откако ќе се идентификуваат потребните ресурси за одговор на непосредната катастрофа, следниот чекор ќе биде да се просуди дали ги имате сите потребни ресурси за спроведување на потребните активности или дали на вашето национално друштво ќе му биде потребна надворешна помош.

Ако немате пристап до потребните ресурси кои ви требаат за имплементација на итен одговор (ваши сопствени ресурси или пристап до неопходните парични средства од партнери во вашата земја или преку национална кампања за обезбедување на средства)? Листата која е прикажана подолу ќе ви помогне како да побарате помош од ДРЕФ фондот. За барање ДРЕФ помош погледнете ги насоките прикажани подолу во листа за проверка Б.

Ако потребите се поголеми и ДРЕФ алокацијата не е доволна за покривање на целокупната операција за одговор на катастрофата, може да се упати итен апел, а средствата од ДРЕФ фондот може да се искористат како почетни средства, а потоа планот да се ревидира во период од 2 до 4 недели кога ќе имате повеќе информации на располагање во однос на штетата и потребите кои произлегуваат од катастрофата.

Во овој случај ДРЕФ алокацијата ќе се смета како заем за почетно финансирање кое му овозможува на националното друштво да ја започне операцијата за итен одговор. За упатување итен апел погледнете го упатството подолу во листа за проверка Б.

Ако може во моментот да го обезбедите соодветниот одговор на катастрофата со ваши сопствени ресурси, може да побарате финансиска помош од ДРЕФ фондот или преку итниот апел во подоцнежната фаза за да ги надоместите вашите резерви или за надомест на трошоците кои сте ги направиле за итниот одговор. Ова треба да се направи веднаш по случувањето на катастрофата, по можност во рок од 14 дена откако сте започнале со спроведување на вашите активности.

**Што треба да направи националното друштво за да пристапи до парични средства преку Меѓународната Федерација за итен одговор веднаш по катастрофата?**

**Листа за проверка Б – Клучни чекори за барање ДРЕФ парични средства за подготовка на непосредна катастрофа или криза**

**Чекор 1:** Контактирајте го претставникот на Меѓународната Федерација во вашата земја, регион или зонска канцеларија

Клучни работи кои треба да се имаат во предвид

- Обезбедете информации за ситуацијата и како вашето национално друштво планира да одговори на катастрофата.
- Соберете ги достапните информации од вашите општински организации на Црвен крст, медиумите и други организации и видете дали други партнери обезбедуваат одговор на катастрофата. Ако катастрофата е од голем опсег, може да побарате финансиска помош врз база на многу малку информации доколку ситуацијата е јасна и дека е потребна итна акција. Сумата на иницијалното барање за парични средства може да се ревидира откако потребите ќе станат појасни.
- Продискутирајте дали е посоодветно барање за ДРЕФ или итен апел за пристап до парични средства.

**Чекор 2:** Проверете дали може да побарате ДРЕФ алокација за она што се случува

Клучни аспекти од договорот

- Може да побарате ДРЕФ алокација за следниве видови на катастрофи:
  - Сезонски или други настани кои се повторуваат, кои можат да ја влошат ситуацијата отколку што е во вообичаената состојба. Во овој случај треба да бидете во можност да го покажете зголеменото ниво на опасност.
  - Катастрофа која што одеднаш започнува (како на пример: циклон, тропска бура, поплава, граѓански немири поврзани со избори и др.).
  - Катастрофи кои бавно настапуваат (како на пример: епидемија (колера), поплави кои бавно се развиваат, глад, суша и др.) ако е исполнет еден од следниве критериуми:

    Постои зголемен обем на акутни потреби.

    Владата бара меѓународна помош.

Ситуацијата повикува на итен одговор за да се задоволат итните потреби.

- Може да побарате упатување на итен апел под истите услови, ако обемот или опсегот на катастрофата наложува поголема поддршка.

**Чекор 3:** Подгответе иницијален итен план за акција и буџет

Клучни работи кои треба да се имаат во предвид

- Листа за проверка 2 за 5-те клучни чекори за итен одговор ги покрива повеќето прашања кои треба да ги одговорите во однос на оправдување на вашето барање за обезбедување парични средства.
- Во итниот план за акција објаснете кои активности во моментот ги презема вашето национално друштво.
- Набројте ги активностите кои ќе ги спроведете во претстојните недели. Покажете колку долго ќе трае секоја активност (колку недели и кој е почетниот датум) и пресметајте колку парични средства ќе чини секоја активност. Вклучете ги сите активности кои се спроведени од почетокот на одговорот затоа што тие може и треба да бидат вклучени.
- Веројатно ќе спроведувате активности во рамките на следниве технички сектори: итна поддршка за здравствена и социјална грижа, вода и санитација, промоција на хигиена, обезбедување итно засолниште, обезбедување храна и спојување на семејства.
- Дискутирајте со претставникот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина каков вид на техничка помош ви треба од Меѓународната Федерација за имплементација на операцијата (помош во специфичен технички сектор, во спроведување на процена на потреби или процена на пазар, за подготвување на детален итен план за акција, за набавки и логистика, за имплементација на кеш трансфер програм или за мониторинг, евалуација или поднесување извештај за операцијата).
- Во вашиот буџет за ДРЕФ барање или за упатувањето на итен апел треба да го направите следното:
  - Пресметајте колку ќе чини набавката и надоместувањето на хуманитарната помош (во натура и парични средства) кои ќе ги дистрибуирате, или сте ги дистрибуирале на корисниците и разговарајте со претставниците на одделот за логистика на Меѓународната Федерација и одделот за финансии како да се направи тоа на најдобар и најлесен начин.
  - Пресметајте колку ќе чини транспортот, магацин, и дистрибуција на хуманитарна помош, и мониторинг на дистрибуцијата, или имплементацијата на кеш трансфер програм (такси за трансфери и дистрибутивни трошоци).
  - Пресметајте колку волонтери ви се потребни и потребните трошоци за: осигурување, опрема и визибилити, обука, патни

трошоци и дневници. Внесете ги трошоците за патни трошоци, сместување, дневници за вработените од националното друштво кои се директно вклучени во операцијата.
    - Внесете трошоци за спроведување на подетална процена на потребите ако немате финансиски ресурси да ги покриете трошоците. Запомнете дека процената на потреби може да се покрие со ДРЕФ алокацијата кога има итни потреби на кои треба да одговори националното друштво.
    - Ако работите со кеш трансфер систем, може да внесете трошоци за спроведување на детална процена на пазарот.
    - Внесете трошоци за мониторинг и евалуација на операцијата.
    - Трошоците за оперативна поддршка (за хумани ресурси, логистика, комуникации, канцелариски трошоци или финансиски такси) може да се вклучат во буџетот. Овие се трошоци кои се акумулираат со итната ситуација и тие треба да бидат разумни но задоволителни (не смеат да бидат повисоки од 40 проценти од вкупниот буџет на операцијата за обезбедување хуманитарна помош).
- Запомнете дека буџетот може да се ревидира откако ќе се знае целокупниот обем на катастрофата.

**Чекор 4**: Поднесете го вашето барање со итниот апел за акција и буџетот до претставникот на Меѓународната Федерација.

Клучни работи кои треба да се имаат во предвид:

- Кога е можно користете графикони и табели за да ги презентирате информациите (на пример информации за штета и потреби или за бројот на семејства на кои што ќе им помогнете, вклучувајќи и информации од други организации или јавни власти, доколку тоа е потребно).
- Вклучете карти, детали за локации и слики.

**Чекор 5:** Подгответе меморандум за соработка со Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина за добивање на паричните средства од ДРЕФ фондот

Клучни аспекти кои треба да ги содржи договорот:

- Сумата која треба да се префрли од страна на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.
- Одговорните лица во националното друштво и Секретаријатот на Меѓународната Федерација кои ќе ја водат операцијата.
- Неопходните податоци за правење на банкарски трансфер.

- Податоци за поднесување на извештаи.
- Датуми на трансфери и, ако треба, датум на периодични извештаи кои треба да се поднесат за добивање на следен трансфер
- Датум за поднесување на финален финансиски и наративен извештај
- Договор за враќање на неискористени парични средства во ДРЕФ фондот.

**Чекор 6:** Продолжете ги вашите активности додека не пристигнат паричните средства.

Ако ситуацијата се влоши и потребите се зголемат, може да се побара втора ДРЕФ алокација или да се упати итен апел.

Врз база на подетална процена, треба да се подготви поднесе подетален и посеопфатен Итен план за акција (две до четири недели по катастрофата).

**Дополнителна литература:**

Упатство за ДРЕФ: Меѓународна Федерација. ДРЕФ процедури и упатства. Женева, 2011.
https://fednet.ifrc.org/PageFiles/125112/031_e_v300_DREF%20Procedures%20and%20Guidelines.docx

Меѓународна Федерација. Итен план за акција – формат за оперативно планирање (ДРЕФ операција).

Меѓународна Федерација ДРЕФ
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisismangement/disaster-response/dref/

Упатство за механизми за подготовка на итен апел: Меѓународна Федерација. Процедури и упатство за итен апел. Женева, 2013. https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/ disaster-response/peas-eas-updates/
Меѓународна Федерација. Формат за итен план за акција. https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/ disaster-response/emergency-plan-of-action-epoa/

Упатство за планирање мониторинг и евалуација: Меѓународна Федерација. Прирачник за планирање на проекти/програми. Женева, 2010. Достапно на: www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/PPP-Guidance-Manual-English.pdf

Рамка за мониторинг и евалуација (Меѓународна Федерација и ДРЕФ). Достапно на: https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/learning--evaluation/monitoring--evaluating-framework/

## Фаза 3:

## Две до четири недели по катастрофата

Две до четири недели по катастрофата вашето внимание ќе биде насочено на спроведување на понатамошна процена и анализа на влијанието на катастрофата во вашата земја а истовремено треба да продолжите со вашите активности за спасување и одржување животот на луѓето и промовирање на опоравување на погоденото население.

Имплементацијата на активностите за одговор на итната состојба треба да биде составена од:

- Мобилизирање, опремување и обука на волонтери
- Идентификација и регистрирање на корисници
- Набавка на хуманитарна помош (во натура/со парични средства)
- Здравствено превентивни активности и активности за превенција на епидемии
- Активности за вода и санитација и промоција на хигиена
- Обезбедување на итно засолниште, исхрана и обновување на имотот (во роба и парични средства)
- Воспоставување на семејни врски
- Подготовка, ревизија и продолжување на итен план за акција.

### Клучни чекори за подготовка на ревидиран или дополнет итен план за акција

Неколку недели по катастрофата веројатно ќе бидете во состојба подобро да го согледате влијанието и потребите на погоденото население. Веројатно ќе треба да го ревидирате првичниот план за акција и буџет со цел:

- Да ги задоволите итните и краткорочни потреби идентификувани преку дополнителната процена;
- Да потенцирате на кој начин се развива ситуацијата откако е случена катастрофата и да ги презентирате новите потреби;
- Да го продолжите вашиот иницијален план за акција, ако вашиот одговор бил предвиден за покривање на првите недели од операцијата за итен одговор.

Главните чекори за преземање на првична процена, анализа и ревидирање или продолжување на планот ќе бидат составени од




Овие 5 чекори ве водат кон обезбедување на неопходните информации за ревидирање на продолжениот итен план за акција, кој што ќе служи како основа за менаџирањето на операцијата. Подолу ќе најдете листа на проверка која дава повеќе детали во однос на секој од овие 5 чекори.

### Листа за проверка 3 – Пет клучни чекори за подготовка на понатамошна процена, анализа и ревидирање на итниот план за акција.

| **Чекор 1:** Процена на можни влијанија и штета од катастрофата | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Дали ситуацијата е променета? Дали има одредени значителни промени во однос на влијанието на опасноста/бројот на погодено население?<br>• Какви се предвидувањата за развојот на ситуацијата во следните недели или месеци?<br>• Дали се очекуваат секундарни ефекти како што се последователни шокови, движење на население или болести кои се пренесуваат со водата? | Активности за поддршка<br><br>• Понатамошна процена на штета<br>• Понатамошна процена на пазар<br>• Споделување на информации со други чинители |

| **Чекор 2:** Понатамошна процена на потреби и ранливи состојби |
|---|

<table>
<tr>
<td>Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Дали потребите се изменети?<br>• Дали има други нови итни или краткорочни потреби кои треба да се покријат? Дали има долгорочни потреби кои треба да се покријат?<br>• Дали најранливото население се разликува од она кое е определено како такво на почетокот на операцијата? Зошто ова население е поранливо од другото население(пример, возраст, пол, хендикеп, самохрани родители, малцинство, и др.)?<br>• Дали имате земено во предвид спроведување на процена на потреби во специфични сектори (здравство, социјала, вода и санитација и промоција на хигиена, засолништа, исхрана, спојување разделени семејства) и дали ви е потребна помош?</td>
<td>Активности за поддршка<br><br>• Понатамошна процена на потреби<br>• Консултации со погодено население<br>• Консултации со локалните власти и други чинители</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td colspan="3">Чекор 3: Понатамошна анализа на капацитети</td>
</tr>
<tr>
<td colspan="2">Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Дали има промени во однос на меѓународниот или национален координативен механизам за одговор?<br>• Дали има одредена промена во активностите на другите организации и потребите кои тие ги задоволуваат? Ако има, дали тоа влијае на вашите тековни или планирани активности?<br>• Дали има нови недостатоци целокупната поддршка? Ако има, дали може да сторите нешто околу тоа?<br>• Дали има било какви потреби кои сте ги идентификувале преку дополнителната процена кои ги вршат други чинители?<br>• Дали има нов фактор кој може да го спречи вашиот одговор? Што може да направите во однос на ова?</td>
<td>Активности за поддршка<br><br>• Споделување информации и координација со партнери меѓу кои МКЦК и други партнери од движењето</td>
</tr>
<tr>
<td>Потешкотии да се проценат одредени области</td>
<td>Волонтерите немаат заштитна опрема</td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td>Ограничени комуникации</td>
<td>Безбедносни проблеми</td>
<td></td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| Непостоење на општинска организација на Црвен крст во областите кои можат да бидат погодени од катастрофата | Непостоење итни резерви | |
| Непостоење на капацитет веднаш да се одговори | Непостоење стручни лица во специфични технички сектори | |
| Непостоење на активни волонтери | | |
| | | |

**Чекор 4:** Ревидирање на цели и активности кои треба да се спроведат

Прашања кои треба да се имаат во предвид

- Какви потреби планирате да задоволите?
- Кои активности е потребно да спроведете?
- Колку долго ќе траат активностите?
- Кои луѓе веројатно ќе ги помогнете со вашите активности? Колку и каде?
- Заради што овие луѓе се поранливи од другите (пример: возраст, пол, хендикеп, самохрани родители, малцински групи и др.)?
- Дали сте фокусирани на одредена географска област или група на луѓе? Зошто?
- Каква помош има веќе обезбедено вашето национално друштво?
- Дали активностите кои ги спроведувате придонесуваат за брзо опоравување на погоденото население?

**Чекор 5:** Ревидирање на буџет и ревидирање на потребни ресурси

Прашања кои треба да се имаат во предвид

- Кои ресурси ви се потребни за спроведување на планираните активности (пример: луѓе, финансиски ресурси, техничка поддршка, логистика/транспорт и др.)?

Откако ќе се идентификуваат потребните ресурси за задоволување на потребите, следниот чекор ќе биде да се види од каде ќе се обезбедат потребните ресурси.

Ако немате пристап до потребните ресурси кои ви требаат за имплементација на итен одговор од партнери во вашата земја или преку

национална кампања за обезбедување на средства може да поднесете барање за дополнителна ДРЕФ алокација. големи Ако потребите се поголеми и ДРЕФ алокацијата не е доволна за покривање на целокупната операција за одговор на катастрофата, може да се упати итен апел, или пак ако е веќе упатен, тој може да се ревидира и продолжи. Во овој случај ДРЕФ алокацијата ќе се смета како заем за почетно финансирање кој ќе треба да се врати во ДРЕФ штом ќе се обезбедат доволно средства со апелот.

Ако националното друштво сеуште нема поднесено барање за ДРЕФ за да одговори на тековната катастрофа, но сака да побара парични средства за да ги надоместите резервите или за надомест на трошоците кои се направени за итниот одговор, тогаш навратете се на *Фаза 2: Веднаш по катастрофа – Листа за проверка Б: клучни чекори за барање парична поддршка за итен одговор веднаш по катастрофата.*

**Што треба да направи националното друштво за да пристапи до парични средства преку Меѓународната Федерација за итен одговор веднаш по катастрофата?**

## Листа за проверка Ц – Клучни чекори за барање понатамошни парични средства преку Меѓународната федерација

| **Чекор 1:** Контактирајте го претставникот на Меѓународната Федерација во вашата земја, регион или зонска канцеларија |
|---|
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Обезбедете информации за развојот на ситуацијата и како вашето национално друштво планира да го ревидира или продолжи итниот план за акција.<br>• Продискутирајте со претставникот на Меѓународната Федерација дали е неопходно да се упати или ревидира итен апел врз база на обемот на катастрофата, идентификуваните потреби и потенцијални фондови, или пак е доволен втор ДРЕФ за оваа намена. |

| **Чекор 2:** Подгответе го ревидираниот или Итниот План за Акција и буџет |
|---|
| Клучни аспекти од договорот<br><br>• Листа за проверка 3 за 5-те клучни чекори за понатамошна процена и анализа и ревидирање на иницијалниот план за акција ги опфаќа повеќето прашања кои треба да ги одговорите за да го оправдате вашето барање за понатамошно обезбедување на финансиски средства. |

- Објаснете во ревидираниот план за акција што има досега направено вашето национално друштво. Ако го имате ревидирано итниот план за акција кој резултира со промена на активности или буџет, ова треба да се внесе во ДРЕФ операцијата или во обновувањето на итниот апел, што е неопходно да се информираат донаторите и партнерите за промената на планираните активности.
- Набројте ги активностите кои ќе ги спроведете во понатамошниот дел од операцијата. Покажете колку долго ќе трае секоја активност (колку недели и кој е почетниот датум) и пресметајте колку парични средства ќе чини секоја активност.
- Вклучете ги трошоците за активности за мониторинг и евалуација.
- Веројатно ќе спроведувате активности кои потпаѓаат под техничките сектори: итна поддршка за здравствена и социјална грижа, вода и санитација, промоција на хигиена, обезбедување итно засолниште, обезбедување храна и спојување на семејства.
- Дискутирајте со претставникот на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина каков вид на техничка помош ви треба од Меѓународната Федерација за имплементација на операцијата (помош во спроведување на процена на потреби или подготвување на план за акција за специфичен технички сектор, вклучувајќи и процена на пазар, набавки и логистика, за имплементација на кеш трансфер програм или за мониторинг, евалуација или организација на работилница за научени лекции.
- Запомнете дека парите може да ги трошите само на работи кои ви се одобрени со буџетот на ДРЕФот или итниот апел.
- Потребно ви е барање за одобрување ако има било какви промени на планот за акција и бројот на луѓе кои треба да се помогнат што води до:
- Зголемување или намалување на буџетот за повеќе од 10%
- Зголемување или намалување на буџетска линија на Федерација за повеќе од 10% (со соодветно намалување на друга буџетска линија)
- Промена на помош обезбедена во одреден технички сектор (здравство, вода и санитација, засолниште, и др.)
- Продолжување на оперативна рамка.
- Ревидираниот итен план за акција треба да се достави до Меѓународната федерација на одобрување и наративна обновена информација (обновена информација за ДРЕФ или итен апел) ќе се објави врз база на информациите во ревидираниот план.

**Чекор 3:** Поднесете го вашето барање со ревидираниот или продолжен итен план за акција и буџет до Меѓународната Федерација

Клучни работи кои треба да се имаат во предвид

- Кога е можно користете графикони и табели за да ги презентирате информациите (на пример информации за штета и потреби или за

бројот на семејства на кои што ќе им помогнете, вклучувајќи и информации од други организации или јавни власти, доколку тоа е потребно).

- Вклучете карти, детали за локации и слики.

**Чекор 4:** Обновете го меморандумот за соработка со Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина за добивање на паричните средства со кеш трансфер од ДРЕФ фондот или од итниот апел

Клучни аспекти кои треба да ги содржи договорот:

- Сумата која треба да се префрли од страна на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.
- Датуми на трансфери и, ако треба, датум на периодични извештаи кои треба да се поднесат за добивање на следен трансфер
- Услови за поднесување извештаи.

**Чекор 5:** Продолжете ги вашите активности додека не пристигнат паричните средства.

Од тука натаму, вниманието ќе биде насочено на мониторинг на потребите и имплементација на операцијата, што ќе ви помогне да решите дали е потребна понатамошна ревизија на текстот и буџетот на итниот план за акција на ДРЕФ или на итниот апел. Ако треба да го ревидирате планот за акција на вашето национално друштво, тоа може да го сторите во секое време во текот на имплементацијата се доколку ревизијата ви помага подобро да ги задоволите потребите на погоденото население.

**Дополнителна литература:**

Упатство за ДРЕФ: Меѓународна Федерација. ДРЕФ процедури и упатства. Женева, 2011.
https://fednet.ifrc.org/PageFiles/125112/031_e_v300_DREF%20Procedures%20
and%20Guidelines.docx
DREF https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/
disaster-response/dref/
Меѓународна Федерација. Оперативен формат за планирање на итен план за акција (ДРЕФ операција).
Меѓународна Федерација. Формат за обновување/ревизија на информации на итен план за акција (оперативно обновување информации за ДРЕФ).
Меѓународна Федерација. Рамка за мониторинг и евалуација на ДРЕФ операции. Женева, 2012.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/
learning--evaluation/monitoring--evaluating-framework/

Упатство за механизми за подготовка на итен апел: Меѓународна Федерација. Процедури и упатство за итен апел. Женева, 2013.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/

disaster-response/peas-eas-updates/IFRC. EPoA planning template.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/emergency-plan-of-action-epoa/IFRC. EPoA revision/update template.

Упатство за процена:
Формати за процена за период од 24 до 72 часа по катастрофата
Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација. Упатство за процена во итни состојби. Женева, 2008.
www.ifrc.org/Global/Publications/disasters/guidelines/guidelines-for-emergency-en.pdf
Информации и референтни документи за процена на ранливост и капацитети достапни на; www.ifrc.org/en/what-we-do/disaster-management/preparing-fordisaster/disaster-preparedness-tools/disaster-preparedness-tools/
Материјали и упатства за кеш трансфер систем достапни на: https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-management/cash-based-programming/resources/

Упатство за планирање мониторинг и евалуација: Меѓународна Федерација. Прирачник за планирање на проекти/програми. Женева, 2010. Достапно на:
www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/PPP-Guidance-Manual-English.pdf

Рамка за мониторинг и евалуација (Меѓународна Федерација и ДРЕФ). Достапно на:
www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/IFRC-ME-Guide-8-2011.pdf

## Фаза 4:

## Од еден месец по катастрофата па понатаму

Еден месец по катастрофата веќе сте длабоко инволвирани во имплементација на вашите активности. Вашето внимание ќе биде насочено кон обезбедување поддршка за опоравување на погоденото население а истовремено треба да правите мониторинг на опкружувањето, на потребите на населението за да го одмерите остварениот напредок во имплементација на зацртаните цели.

Ова ќе ви помогне да видите дали има одредени предизвици или пак доцнења и дали треба да смените дел од предвидените активности за да се надминат овие потешкотии. Ваквата евалуација може да биде посебно корисна за прилагодување на претстојната интервенција.

Имплементацијата на активностите за одговор на итната состојба треба да биде составена од:

- Дистрибуција на хуманитарна помош и регистрација (во натура и парични средства)
- Разместување и менаџирање на волонтери
- Здравствено превентивни активности и активности за превенција на епидемии

- Активности за вода и санитација и промоција на хигиена
- Обезбедување на итно засолниште, исхрана и обновување на имотот (во роба и парични средства)
- Воспоставување на семејни врски
- Ревизија и продолжување на итен план за акција.

Кај долгорочни операции кои се финансираат со итен апел, може да се инкорпорираат активности за:

- Намалување на ризици од катастрофи
- Организациски развој.

## Клучни чекори за мониторинг на итната операција

Следењето на ситуацијата и имплементацијата на вашите активности може да резултираат со ваша одлука да го ревидирате вашиот план за акција. Главните причини за ревизија на планот за акција во оваа фаза може да бидат:

- Има промена на потребите или во помошта која ја обезбедуваат другите и затоа треба да ги смените вашите активности за да се усогласите со новата ситуација.
- Не ги задоволувате потребите со тековните активности.
- Постојат големи доцнења во спроведувањето на вашите активности.
- Вашиот буџет или мобилизирањето ресурси не се доволни за спроведување на планираните активности.

Главните чекори за следење на итната операција ќе бидат составени од:



Овие 5 чекори ќе ви помогнат да видите дали треба да ги смените вашите активности. Подолу ќе најдете листа на проверка која дава повеќе детали во однос на секој од овие 5 чекори.

**Листа за проверка 4 – Пет клучни чекори за мониторинг на итна операција.**

| **Чекор 1:** Следење на влијанието и штетата од катастрофата | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br>• Дали ситуацијата е променета? Дали има одредени значителни промени во однос на влијанието на опасноста/бројот на погодено население? | Активности за поддршка<br>• Понатамошна процена на штета<br>• Мониторинг на пазар<br>• Споделување на информации со други чинители |

| **Чекор 2:** Следење на потреби и ранливи состојби | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br>• Дали потребите се изменети?<br>• Дали има други нови итни или краткорочни потреби кои треба да се покријат? Дали има долгорочни потреби кои треба да се покријат и како се вклучени во планот за имплементација?<br>• Дали најранливото население се разликува од она кое е определено како такво на почетокот на операцијата? | Активности за поддршка<br>• Понатамошна процена на потреби<br>• Консултации со погодено население |

| **Чекор 3:** Мониторинг на капацитети | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br>• Дали има промени во однос на меѓународниот или национален координативен механизам за одговор?<br>• Дали има одредена промена во активностите на другите организации и потребите кои тие ги задоволуваат? Ако има, дали тоа влијае | Активности за поддршка<br>• Споделување информации и координација со партнери меѓу кои МКЦК и други партнери од |

| | |
|---|---|
| на вашите тековни или планирани активности?<br>• Дали има нови недостатоци целокупната поддршка? Ако има, дали може да сторите нешто околу тоа? | Движењето |
| **Чекор 4:** Следење на активности и реализација на цели | |
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br>• Дали активности се спроведени според планот? Ако не се, кои активности доцнат? Што е причината за доцнењето? Што правите за да се надмине тоа?<br>• Дали ги помагате луѓето кои првично планиравте да ги помагате? Ако не, зошто? Што правите за да го надминете тоа?<br>• Дали активностите кои ги спроведувате придонесуваат за задоволување на потребите на погоденото население? | Активности за поддршка<br>• Анкета за следење на задоволство на корисници<br>• Редовна тековна евалуација<br>• Среднорочно ревидирање на имплементација / евалуација |

| |
|---|
| **Чекор 5:** Следење на трошоци и потребни ресурси |
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br>• Како стоите со трошоците? Дали буџетот е доволен?<br>• Дали ги имате потребните ресурси за спроведување на активностите? Дали ви е потребна дополнителна поддршка? |

Доколку како резултат на горе изнесеното треба да го ревидирате вашиот план за акција, треба да ги преземете следниве два чекори:




**Што треба да направи националното друштво за да ја информира Меѓународната Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина за остварениот напредок во операцијата финансирана од ДРЕФ фондот или преку итниот апел и за добивање одобрение за подоцнежни ревизии?**

Важно е донаторите на операцијата (донатори на ДРЕФ фондот или донатори на итниот апел) да бидат информирани за напредокот кој го остварува вашето национално друштво во однос на реализација на активностите. Ова придонесува за градење взаемна доверба и подобар визибилитет на активностите. Дури иако не е потребно обновување на информациите, информациите за остварениот напредок може да се достават во форма на оперативно обновување на информации (Operational update).

### Листа за проверка Д – Клучни чекори за информирање на Меѓународната федерација за остварениот напредок во рамки на операцијата финансирана со ДРЕФ или Итен Апел и добивање на одобрение за ревидирање на активности или за начин на трошење на пари

| **Чекор 1:** Договорете со претставникот на Меѓународната Федерација колку често и која содржина треба да има во неформалните и формалните извештаи за остварен напредок на операцијата |
| --- |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Внимавајте на нормите во однос на поднесувањето извештаи (фреквентност и стандарди во однос на содржината) дефинирани во процедурите и упатството за ДРЕФ и итен апел. |

| **Чекор 2:** Подгответе обновени информации за операцијата |
| --- |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Обезбедете информации за:<br>    o Активности кои се спроведени до тогашниот датум под техничките сектори на вашиот план за акција<br>    o Тековни активности<br>    o Број на помогнати луѓе<br>    o Повратни информации од корисниците во однос на обезбедената помош<br>    o Научени лекции од имплементацијата до дадениот датум или од повратни информации од корисници<br>    o Планирано ревидирање или евалуација, анкета на задоволство на корисници и работилница за научени лекции.<br>• Собирање на индивидуални стории направени со корисниците за да се покаже како помошта им помага да се справат со ситуацијата.<br>• Доставување на фотографии и опис од настанот до Меѓународната Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина. |

| |
|---|
| **Чекор 3:** Информирајте го претставникот на Меѓународната Федерација ако планирате да ги ревидирате планираните активности или начинот на трошење на парите кои ги имате добиено преку Меѓународната Федерација. |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Објаснете зошто вашето национално друштво треба да ги промени планираните активности и/или начинот на кој ќе се трошат планираните средства.<br>• .Во листа за проверка 4 дадени се одредени прашања кои ќе ви помогнат да ги оправдате и појасните вашите измени во рамки на операцијата. |

| |
|---|
| **Чекор 4:** поднесете барање за одобрение за ревизија на активности или начин на трошење на парични средства |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид:<br><br>• Барање за одобрување е неопходно ако има промени на планот за акција или измени на бројот на луѓе кои треба да се помогнат што ќе резултира со:<br>  ○ Зголемување или намалување на буџетот за над 10%<br>  ○ Зголемување или намалување на 10% на буџетската линија на Меѓународната Федерација (со соодветно намалување на друга буџетска линија)<br>  ○ Промена на обезбедената помош во определен технички сектор (здравство, вода и санитација, засолниште, и др.)<br>  ○ Продолжување на временската рамка на операцијата.<br>• Ревидираниот итен план за акција треба да се испрати на одобрение до Меѓународната Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина заедно со обновена информација за операцијата (за ДРЕФ или итен апел) која ќе се постави на интернет страната согласно со информациите во ревидираниот план. |

| |
|---|
| **Чекор 5:** По одобрението продолжете со имплементација на активностите. |

Запомнете дека ревидирањето на операцијата за одговор на катастрофата треба да се поднесе најмалку еден месец пред завршување на операцијата на националното друштво и пред крајот на оперативниот временски период на ДРЕФ или итниот апел.

**Дополнителна литература:**

Упатство за ДРЕФ: Меѓународна Федерација. ДРЕФ процедури и упатства. Женева, 2011.
https://fednet.ifrc.org/PageFiles/125112/031_e_v300_DREF%20Procedures%20and%20Guidelines.docx
DREF https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/dref/
Меѓународна Федерација. Оперативен формат за планирање на итен план за акција (ДРЕФ операција).
Меѓународна Федерација. Формат за обновување/ревизија на информации на итен план за акција (оперативно обновување информации за ДРЕФ).
Меѓународна Федерација. Рамка за мониторинг и евалуација на ДРЕФ операции. Женева, 2012.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/learning--evaluation/monitoring--evaluating-framework/

Упатство за механизми за подготовка на итен апел: Меѓународна Федерација. Процедури и упатство за итен апел. Женева, 2013.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/peas-eas-updates/
Меѓународна Федерација. Формат за планирање за итен план за акција.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/emergency-plan-of-action-epoa/
Меѓународна Федерација. Формат за обновување/ревизија на информации на итен план за акција.

Упатство за процена:
Формати за процена за период од 24 до 72 часа по катастрофата
Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација. Упатство за процена во итни состојби. Женева, 2008.
www.ifrc.org/Global/Publications/disasters/guidelines/guidelines-for-emergency-en.pdf
Информации и референтни документи за процена на ранливост и капацитети достапни на; www.ifrc.org/en/what-we-do/disaster-management/preparing-fordisaster/disaster-preparedness-tools/disaster-preparedness-tools/
Материјали и упатства за кеш трансфер систем достапни на: https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-management/cash-based-programming/resources/

Упатство за планирање мониторинг и евалуација: Меѓународна Федерација. Прирачник за планирање на проекти/програми. Женева, 2010. Достапно на:
www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/PPP-Guidance-Manual-English.pdf
Рамка за мониторинг и евалуација (Меѓународна Федерација и ДРЕФ). Достапно на: www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/IFRC-ME-Guide-8-2011.pdf

**Фаза 5:**

## Последен месец(и) од операцијата

За време на последниот месец(и) од операцијата вашето внимание ќе биде насочено кон ревидирање на контекстот, преостанатите потреби и имплементација на операцијата како и да осигури сите активности да се завршат на време и во согласност со предвидениот буџет. Исто така сега е време да се спроведе или испланира ревидирање на операцијата, финална евалуација и да се одржи работилница за научени лекции.

Имплементацијата на активностите за одговор на итната состојба во оваа фаза треба да биде составена од:

- Дистрибуција на хуманитарна помош (во натура и парични средства)
- Здравствено превентивни активности и активности за превенција на епидемии
- Активности за вода и санитација и промоција на хигиена
- Обезбедување на итно засолниште, исхрана и обновување на имотот (во роба и парични средства)
- Воспоставување на семејни врски
- Продолжување на итен план за акција

Кај долгорочни операции кои се финансираат со итен апел, може да се инкорпорираат активности за:

- Намалување на ризици од катастрофи
- Надградба на капацитети на националното друштво
- Организациски развој.

## Клучни чекори за ревидирање на напредок во последниот месец(и) од итната операција

Следењето на ситуацијата и имплементацијата на вашите активности може да резултираат со ваша одлука да направите помали промени во последниот месец од операцијата. Примери на причини за помала ревизија во оваа фаза може да бидат:

- Има незадоволени потреби кои може да се адресираат по пат на ревидирање на активностите.
- Потребно ви е повеќе време да ги завршите сите активности.
- Имате парични средства кои може да се потрошат за релевантни потреби на погоденото население.

Главните чекори за ревидирање на напредокот во последниот месец од итната состојба ќе бидат составени од:




Овие 4 чекори ќе ви помогнат да видите дали треба да ги смените вашите активности. Подолу ќе најдете листа на проверка која дава повеќе детали во однос на секој од овие 4 чекори.

**Листа за проверка 5 – Четири клучни чекори за ревидирање на остварен напредок во последниот месец од итната операција.**

| **Чекор 1:** Ревидирање на ситуацијата поврзано со развојот на настаните | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Како е променета ситуацијата откако е случена катастрофата? | |

| **Чекор 2:** Ревидирање на незадоволените потреби | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Дали има други незадоволени потреби? Ако има дали може нешто да се направи околу тоа? | Активности за поддршка<br>• Понатамошна процена на потреби |

| **Чекор 3:** Ревидирање на остварениот напредок во имплементација на активностите и остварувањето на зацртаните цели | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Дали се се одвива според планот? Ако не се | Активности за поддршка |

| | |
|---|---|
| одвива, зошто е таков случајот? Што правите тоа да го надминете?<br>• Дали има активности кои се пролонгирани?<br>• Дали сте ги опфатиле сите луѓе кои сте ги планирале? Ако не сте, зошто е тоа така? Што правите тоа да го надминете?<br>• Дали ви е потребно повеќе време отколку што имате начелно испланирано за да ја завршите операцијата? Ако ви е потребно, колку време е тоа?<br>• Дали планирате да организирате работилница за да ги продискутирате остварувањата во рамките на спроведената операција, за да видите што функционирало а што треба да се направи подобро следниот пат?<br>• Дали вашата помош е доволна да се задоволат потребите на погоденото население? | • Анкета за задоволство на корисниците<br>• Финална евалуација<br>• Споделување податоци и информации со други чинители (евалуација / ревидирање). |

| **Чекор 4:** Ревидирање на трошоци и потребни ресурси |
|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Како стоите со трошоците? Дали буџетот е доволен? Дали ги имате потребните ресурси за спроведување на активностите? Дали буџетот ви е доволен да ги завршите активностите?<br>• Дали парите се трошени за активностите кои првично се испланирани?<br>• Дали ги имате сите ресурси за да ја завршите операцијата? Ако ги немате, дали може да побарате поддршка? |

Доколку не може да ги завршите активностите во рамки на првично определениот временски период на операцијата, ќе треба да направите ревизија на временската рамка и да ги информирате донаторите уште колку време ви е потребно за да ги завршите активностите.

Во овој момент треба исто така да видите како планираните активности согласно со итниот план за акција може да се поврзат или усогласат со годишната програма за работа на националното друштво.

**Што треба да направи националното друштво за да ја направи помала ревизија во последниот месец од операцијата на операцијата финансирана од ДРЕФ фондот или преку итниот апел?**

## Листа за проверка Е – Клучни чекори за правење помала ревизија во последниот месец(и) од операцијата финансирана со ДРЕФ или Итен Апел

| |
|---|
| **Чекор 1:** Информирајте ја Меѓународната Федерација дека планирате да ја продолжите временската рамка или да направите помала ревизија на имплементација на операцијата |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Објаснете зошто вашето национално друштво планира да направи мала ревизија во последниот месец(и) на операцијата.<br>• Ако вашето национално друштво има потрошено повеќе или помалку пари отколку што е буџетирано, продискутирајте го ова со претставникот на Меѓународната Федерација за да го ревидирате буџетот.<br>• Ако мислите дека вашето национално друштво нема да може да се расчисти навремено со работниот аванс, побарајте продолжување на временската рамка. |

| |
|---|
| **Чекор 2:** Подгответе обновени информации за операцијата да бидат во прилог на барањето за ревизија или продолжување на операцијата |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Обезбедете информации за:<br>  ○ Активности кои се спроведени до тогашниот датум под техничките сектори на вашиот план за акција<br>  ○ Тековни активности<br>  ○ Број на помогнати луѓе<br>  ○ Планирано ревидирање на активности или евалуација, анкета за задоволство на корисниците во однос на обезбедената помош или работилница за научени лекции.<br>  ○ Научени лекции од имплементацијата до дадениот датум или од повратни информации од корисници<br>  ○ Планирано ревидирање или евалуација, анкета на задоволство на корисници и работилница за научени лекции.<br>• Собирање на индивидуални стории направени со корисниците за да се покаже како помошта им помага да се справат со ситуацијата.<br>• Испратете фотографии до Меѓународната Федерација заедно со опис на настаните на сликите.<br>• Објаснете зошто ја ревидирате временската рамка / начинот на кој ги трошите парите.<br>• Покажете како ќе ги поврзете научените лекции или |

| |
|---|
| програмирањето со тековната редовна работа на националното друштво. |
| **Чекор 3:** Поднесете барање за одобрение за ревизија на временската рамка или начинот на трошење на пари. |
| Клучни работи кои треба да се имаат во предвид<br>• Запомнете дека барање за одобрување е неопходно ако има промени на планот за акција или измени на бројот на луѓе кои треба да се помогнат што ќе резултира со:<br>○ Зголемување или намалување на буџетот за над 10%<br>○ Зголемување или намалување на 10% на буџетската линија на Меѓународната Федерација (со соодветно намалување на друга буџетска линија)<br>○ Промена на обезбедената помош во определен технички сектор (здравство, вода и санитација, засолниште, и др.)<br>○ Продолжување на временската рамка на операцијата.<br><br>Ревидираниот итен план за акција треба да се испрати на одобрение до Меѓународната Федерација заедно со наративна обновена информација за операцијата (за ДРЕФ или итен апел) која ќе се постави на интернет страната согласно со информациите во ревидираниот план. |

| |
|---|
| Чекор 4: По добивање на одобрение за завршување на имплементација на активностите |

Запомнете дека било каква ревизија на операцијата за одговор на катастрофата треба да се поднесе најмалку еден месец пред завршување на операцијата. По тој датум не е можно да се продолжи временската рамка.

**Дополнителна литература:**

Упатство за ДРЕФ: Меѓународна Федерација. ДРЕФ процедури и упатства. Женева, 2011.
https://fednet.ifrc.org/PageFiles/125112/031_e_v300_DREF%20Procedures%20and%20Guidelines.docx
DREF https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/dref/
Меѓународна Федерација. Оперативен формат за планирање на итен план за акција (ДРЕФ операција).
Меѓународна Федерација. Формат за обновување/ревизија на информации на итен план за акција (оперативно обновување информации за ДРЕФ).
Меѓународна Федерација. Формат за финален извештај за итен план за акција (финален извештај за ДРЕФ).
Меѓународна Федерација. Рамка за мониторинг и евалуација на ДРЕФ операции. Женева, 2012.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/

learning--evaluation/monitoring--evaluating-framework/

Упатство за механизми за подготовка на итен апел: Меѓународна Федерација. Процедури и упатство за итен апел. Женева, 2013.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/peas-eas-updates/
Меѓународна Федерација. Формат за планирање за итен план за акција.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/emergency-plan-of-action-epoa/
Меѓународна Федерација. Формат за обновување/ревизија на информации на итен план за акција.
https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-and-crisis-mangement/disaster-response/emergency-plan-of-action-epoa/
Меѓународна Федерација. Операција за итна помош – формат за финален извештај.

Упатство за процена:
Формати за процена за период од 24 до 72 часа по катастрофата
Меѓународниот Комитет на Црвен крст и Меѓународната Федерација. Упатство за процена во итни состојби. Женева, 2008.
www.ifrc.org/Global/Publications/disasters/guidelines/guidelines-for-emergency-en.pdf
Информации и референтни документи за процена на ранливост и капацитети достапни на; www.ifrc.org/en/what-we-do/disaster-management/preparing-fordisaster/disaster-preparedness-tools/disaster-preparedness-tools/
Материјали и упатства за кеш трансфер систем достапни на: https://fednet.ifrc.org/en/resources/disasters/disaster-management/cash-based-programming/resources/

Упатство за планирање мониторинг и евалуација: Меѓународна Федерација. Прирачник за планирање на проекти/програми. Женева, 2010. Достапно на:
www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/PPP-Guidance-Manual-English.pdf
Рамка за мониторинг и евалуација (Меѓународна Федерација и ДРЕФ). Достапно на: www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/IFRC-ME-Guide-8-2011.pdf
Меѓународна Федерација. Рамка за евалуација на Меѓународна Федерација. Женева, 2011. Достапно на:
www.ifrc.org/Global/Publications/monitoring/IFRC-Framework-for-Evaluation.pdf
Меѓународна Федерација. Упатство за жалби и повратни информации на чинители. Женева, 2011.

## Фаза 6:

## До три месеци по крајот на операцијата

Сте ги спровеле сите активности. Сега е време да се направи ревизија на работата и да се види што може да се научи од тоа. Запомнете дека донаторите се заинтересирани да дознаат што остварило вашето национално друштво и што мислеле корисниците за обезбедената поддршка од ваша страна.

Направете добар финале извештај и партнерите ќе имаат добро мислење за вашите активности, што ќе ги зголеми шансите за добивање нови фондови во иднина за обезбедување поддршка за нови итни состојби.

## Клучни чекори за ревидирање на остварените резултати и спроведување на финална анализа за итната операција

Во оваа фаза вниманието ќе биде насочено на спроведување на финална анализа за остварените резултати, предизвиците и научените лекции.




Подолу ќе најдете листа на проверка која дава повеќе детали во однос на секој од овие 4 чекори.

### Листа за проверка 6 – Четири клучни чекори за ревидирање на остварен напредок во последниот месец од итната операција.

| **Чекор 1:** Ревидирање на ситуацијата поврзано со развојот на настаните | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Како е променета ситуацијата откако е случена катастрофата? | |

| **Чекор 2:** Ревидирање на остварувањата и предизвиците | |
|---|---|
| Прашања кои треба да се имаат во предвид<br><br>• Кои беа главните остварувања на вашето национално друштво? Што беше направено добро и зошто? На што сте најмногу горди?<br>• Со какви предизвици се соочи вашето национално друштво?<br>• Дали ги опфативте сите луѓе кои планиравте | Активности за поддршка<br><br>• Анкета за испитување задоволство на корисници<br>• Финална |

| | |
|---|---|
